СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА
ODA STOMATOLOGJIKE E MAQEDONISË
MACEDONIAN DENTAL CHAMBER

Бр. **20-678/3**
**Скопје, 28.06.2021 година**

Врз основа на член 29 став 3 од Правилникот за избор и отповикување на членови во регионалните одбори, делегати на Собранието и претседател на Стоматолошката комора на Македонија бр. 02-1684/1 од 22.12.2017 година, Централната изборна комисија на Стоматолошката комора на Македонија го дава следново

## ИЗВЕСТУВАЊЕ

Претседателот на Стоматолошката комора на Македонија донесе Одлука бр. 02-700/1 од 25.06.2021 година со која се распишуваат избори за двајца членови на Регионален одбор Битола и делегати во Собранието на Стоматолошката комора на Македонија.

Изборите за двајца членови на Регионален одбор Битола и делегати во Собранието на Стоматолошката комора на Македонија ќе се спроведат во периодот од 24-30.09.2021 г.

Изборите ќе се спроведат согласно Статутот на Стоматолошката комора на Македонија *(Службен весник на РСМ бр.118/2021)*, Правилникот за избор и отповикување на членови во регионалните одбори, делегати на Собранието и претседател на Стоматолошката комора на Македонија бр. 02-1684/1 од 22.12.2017 година и **Роковникот** на Централната изборна комисија.

Гласањето ќе се врши **лично и непосредно**, со важечки **документ за лична идентификација** (лична карта или пасош) и **лиценца** (оригинал или копија). На членовите на Комората кои пристапиле да гласаат, а притоа нема да им се поклопат податоците од **документот за лична идентификација** и лиценцата со податоците од единствениот избирачки список или не се запишани во истиот, **нема да можат да гласаат.**

Ова известување ќе се објави на веб-страната на Комората и во два од дневните весници (македонски и албански) кои се дистрибуираат на територијата на цела држава.

*Скопје, 28.06.2021 година*

**СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател на**
**Централна изборна комисија,**
д-р Ненад Цветановски

М.П. ____________________

Стоматолошка комора на Македонија
СКОПЈЕ